# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.192 од 05.11.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 и 129/15), во членот 22-е став (3) зборот ,,еднаш'' се заменува со зборот ,,двапати".
Во ставот (5) по зборот „одлучува" се додаваат зборовите: „најмалку 30% од", а по зборот „отстранети'' се додаваат зборовите: „и заменети со нови''.

**Член 2**

Членот 22-ж се менува и гласи:
„(1) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина кој технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија избрано од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Министерот од ставот (1) на овој член, определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.
(3) На одговорното лице од ставот (2) на овој член, за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение."

**Член 3**

Во членот 22-ј став (1) се брише.
Ставот (2) станува став (1).

**Член 4**

Во членот 22-к став (2) се менува и гласи:
„Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и Јавниот радиодифузивен сервис."
По ставот (5) се додаваат пет нови става (6), (7), (8), (9) и (10), кои гласат:
„(6) На преставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа од животната средина донесува решение.
(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитни сесии.
(8) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирање на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.
(10) АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронски записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа од животната средина најдоцна во рок од 15 дена од завршувањето на испитната сесија.‟

**Член 5**

Во членот 22-л став (7) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на стручен испит во траење од три години, за што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.‟

**Член 6**

Во членот 22-у став (4) се менува и гласи:
"Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведувањето на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 22-в од овој закон, за што доставува извештај до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина."
Ставот (5) се менува и гласи:
„На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение.‟

**Член 7**

Во членот 85-г став (3) зборот „еднаш‟ се заменува со зборот ,,двапати‟.
Во ставот (5) по зборот ,,одлучува" се додаваат зборовите: „најмалку 30% од‟, а по зборот ,,отстранети'' се додаваат зборовите: ,,и заменети со нови''.

**Член 8**

Членот 85-д се менува и гласи:
„(1) Стручните и административните работи за потребите на спроведувањена стручниот испит ги врши органот на државната управа надлежен заработите од областа на животната средина кој технички го спроведуваправно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија избрано од министерот кој раководи со органот надржавната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Министерот од ставот (1) на овој член, определува одговорно лице кое утврдуваа дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.
(3) На одговорното лице од ставот (2) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение.‟

**Член 9**

Во членот 85-з став (1) се брише.
Ставот (2) станува став (1).

**Член 10**

Во членот 85-ѕ став (2) се менува и гласи:

„Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и Јавниот радиодифузивен сервис."

По ставот (5) се додаваат пет нови става (6), (7), (8), (9) и (10), кои гласат:

„(6) На преставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа од животната средина донесува решение.

(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитни сесии.

(8) АЕК врши постојан мониторинг на блокирање на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена ииститте се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(10) АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронски записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа од животната средина најдоцна во рок од 15 дена од завршувањето на испитната сесија."

**Член 11**

Во членот 85-и став (7) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на стручен испит во траење од три години, за што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението."

**Член 12**

Во членот 85-т став (4) се менува и гласи:

„Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведувањето на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 85-а од овој закон, за што доставува извештај до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина."

Ставот (5) се менува и гласи:

„На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение."

**Член 13**

Во членот 212-ѓ по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Глоба во износ од 2,000 до 3,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице, кое ќе дозволи испит да полага кандидат кој не ги

исполнува пропишаните услови од овој закон (член 22-ж став (2) и член 85-д став (1)).
Ставот (7) станува став (8) и по него се додава нов став (9), кој гласи:
„(9) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот (член 22-к став (7) и член 85-ѕ став (7))".
Ставот (8) станува став (10) и по него се додаваат три нови става (11), (12) и (13), кои гласаат:
„(11) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените преставници од членот 22-к став (5) и член 85-ѕ став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на одредбите од членот 22-л ставови (2), (3) и (4) и членот 85-и ставови (2), (3) и (4) од од овој закон.
(12) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на одредбите од членот 22-л ставови (2), (3) и (4) и членот 85-и ставови (2), (3) и (4) од од овој закон.
(13) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на комисијата за ревизија на одржаните испити, доколку утврдат неправилности во спроведување на испитот, а за тоа не го известат министерот кој раководи со органот на државната управа од областа на животната средина (член 22-у став (4) и 85-т став (4))".
Ставовите (9), (10), (11) и (12) стануваат ставови (14), (15), (16) и (17).
Во ставот (13) кој станува став (18) бројот „(12)" се заменува со бројот „(17)".
Ставот (14) станува став (19).

**Член 14**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 42/14), во членот 16 став (2) датата „1 јануари 2016" се заменува со датата „1 јануари 2017".

**Член 15**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".